ИПИС
ИНСТИТУТ ЗА ПОЛИТИЧКИ ИСТРАЖУВАЊА
Religija.mk
KONRAD ADENAUER STIFTUNG

# Верските заедници и ковид кризата

## - односот на религијата кон ковид пандемијата -

Владимир Божиновски
Марјан Николовски



www.kas.de

# Верските заедници и ковид кризата

## - односот на религијата кон ковид пандемијата -

Владимир Божиновски
Марјан Николовски

# Импресум

**Наслов:**
Верските заедници и ковид кризата
- односот на религијата кон ковид пандемијата -

**Автори**:
Владимир Божиновски
Марјан Николовски

**Издавач**:
Фондација Конрад Аденауер, претставништво во Република Северна Македонија
Институт за Политички истражувања-Скопје
„Религија.мк“ Молитвеник за информации

**Координација**:
Даниел Браун
Роберт Јанев

**Статистичка/квантитативна анализа:**
Гораст Стојменовски

**Дизајн:**
Винсент Графика Скопје

**Фотографија на насловна страница:**
Аворските права за фотографијата ги задржува фондацијата Конрад Аденауер

**Книгата може бесплатно да се преземе на:**
kas.de/nordmazedonien

**Напомена:**
Оваа публикација на Фондацијата Конрад Аденауер служи само за информативни цели. Истата не смее да се употребува во рамки на изборни кампањи. Ставовите и заклучоците во оваа публикација им припаѓаат на самите автори и на никаков начин не ги рефлектираат ставовите и заклучоците на Фондацијата Конрад Аденауер.

# Содржина

Вовед 5

Анализа и заклучни согледувања 7

Демографски карактеристики 15

Табеларен приказ на резултатите 22

# Вовед

Интернет порталот, „Религија.мк“ и „Институтот за политички истражувања – Скопје“ (ИПИС), заедно со финансиска поддршка од Фондацијата „Конрад Аденауер“ – КАС, во рамки на проектот за следење на перцепцијата на граѓаните за религијата и нејзината улога во мултиконфесионалните општества,  ја продолжуваат соработката со уште едно истражување на јавното мислење, кое има за цел да ја отслика перцепцијата за улогата на верските заедници во услови на пандемија.

Ова истражување практично е надоврзување на првичното истражување од април 2020 година, кога се анализираше практикувањето на религијата во услови на пандемија.

Година и половина по првото истражување, идејата за ново сондирање на јавното мислење на оваа тема се наметна како потреба со цел да се добие поцелосна слика околу перцепцијата на верниците за овие прашања, особено што пандемиските кризи и мерките за заштита, честопати се судираа со човековите права и слободи, а со тоа и со верските права на граѓаните, ограничувањата на верските празнувања и слично.

Почетните месеци на пандемијата во 2020 година, имаше многу нејаснотии и голем број реакции на граѓаните околу целокупниот сет мерки за заштита од ширење на вирусот. Во тој блок се најдоа и верските заедници, особено верските објекти, како места за масовни собири. Токму од овој аспект беше потребата од првото истражување кое беше спроведено во април 2020 година.

Овој пат во ова истражување, покрај тоа што има за цел да се прикажат споредбени податоци,  има и уште еден аспект, а тоа е вакцинацијата и односот на верниците кон вакцинирањето, како и дали нивната вера и религија влијаела врз одлуките, дали и како се однесувале верските претставници.

Цениме дека овој период помеѓу двете истражувања е доволна добра дистанца за да се види размислувањето на верниците за пандемијата, тогаш и сега, како и да се види нивната перцепција за улогата на верските заедници во услови на пандемија, тогаш и сега.

Резултатите од истражувањето покажуваат интересни споредбени податоци за тоа како верниците и верските заедници се справуваат со вакви кризи, но и она што е поважно како верниците ги перцепираат мерките за заштита од една страна, а од друга страна како ги перцепираат одлуките на верските заедници за вакви кризи.

Дополнително истражувањето овозможува и еден сублимат на процентуални податоци околу две прашања кои се интересни за јавноста, а се поврзани со самата пандемија. Тоа е можниот процент на лица кои ја прележале болеста, наспроти официјалните статистики, како и можниот процент на лица кои се вакцинирале и кои не би се вакцинирале против Ковид 19. Во овој сегмент резултататите даваат една поприлично итересна слика на состојбите.

Самата идеја на ова истражување беше да се анализираат неколку аспекти.

Првиот апсект е пристапот на верските заедници, нивниот однос кон кризата, нивната координираност со здравствените власти и нивниот однос кон верниците во вакви состојби.

Сетот на прашања од овој аспект опфаќаше барање одговори од тоа: Дали верските заедници во Република Северна Македонија

соодветно одговорија на предизвикот од корона вирусот, па преку перцепцијата на граѓаните за нивната координација со здравствените власти, се до тоа дали беа исправни одлуките на државата за воведување вонредни мерки во храмовите и во џамиите.

Во истражувањето кое е пред Вас ќе најдете многу разнолични резултати кои се вредни за дополнителни истражувања и анализи. Особено интересен е моментот да се види верската структура на испитаниците, или да се анализира возрасната и образовна структура.

Другиот аспект на истражувањето беше перцепцијата на верниците кон вакцинацијата и односот на верниците и односот на верските претставници кон вакцинацијата.

Овој дел од истражувањето е специфичен, особено што е прво вакво истражување во Р.С. Македонија, во кое се бараат подетални причини околу одлуката на граѓаните за вакцинација. Во овој сегмент има вкрстени пршања, кои треба да откријат и причини, а пред се дали тие имаат некаква поврзаност со верските убедувања, околу одлуката „ЗА“ или „ПРОТИВ“ вакцинацијата.

За прв пат овде беа поставени и прашања од кои треба да се добие слика колкаво е влијанието на верските заедници, на претставници на верските заедници, врз верниците во нивната одлука дали ќе се вакцинираат или не.

Резултатите даваат една поприлично стабилна слика, но од друга страна и можност за влијание, веројатно во зависност на тоа за каков тип на верници станува збор.

Бидејќи во светски рамки антиваксерските движења честопати се поврзуваат и со некакви религиски компоненти, ова истражување ја дава и перцепцијата на граѓаните за степенот на религиозност на антиваксерите.

Улогата на верските заедници во процесот на вакцинација исто така е таргетиран како цел на овој аспект на истражувањето.

И третиот аспект на истражувањето е комбинација од прашања од претходното истражување со сет нови прашања кои се однесуваат на пандемијата и односот на самите верници и практикувањето на религијата.

Дел од тие прашања се: Колку пандемијата влијаеше на Вас за да ги посетувате редовно црквите/џамиите? Дали се плашевте дека ако одите на голем празник со поголема масовност во верски објект можете да се заразите со вирусот? Користите ли маска при посета на верски објект? Дали од почетокот на пандемијата до сега верските заедници имаа променлив став во однос на опасноста од вирусот?

Како и вообичаено за сите досегашни истражувања во рамки на овој проект е и делот за структуралната форма на определба на населението по верска припадност и степенот на нивната религиозност.

Во истражувањето направен е пресек од временски период кои опфаќа истражувања од декември 2019, 2020 и 2021 година. Тоа се четири споредбени податоци од кои може да се види трендот на раст, или на намалување на религиозноста на општеството, како и процентот на религиска припадност.

# Анализа и заклучни согледувања

## Концепт на истражувањата

Дефиницијата за мулти-религиска држава е соодветен за македонските прилики, со оглед дека мулти-конфесионалноста и од историски, но и од современ аспект претставува значајна карактеристика на македонското општество која влијае врз процесите и го обликува развојот на државата. Доколку се имплементира правилно, концептот на мулти-религиска држава може да биде значајна кохезивна сила помеѓу граѓаните со различна вероисповест, но во случај на погрешна имплементација или злоупотеба и сегментирање на општеството на религиска основа, мулти-конфесионалноста може да прерасне во извор на конфликти, дури и во општество како македонското каде има долга традиција на соживот помеѓу повеќе религии. Со оглед на фокусирање кон мулти-етничкиот концепт во изминатите неколку децении, мулти-религискиот аспект на македонското општество е честопати занемарен, иако понекогаш се споменува како одреден импакт фактор, но без притоа сериозно да се анализира степенот на влијание на религијата врз општествените процеси. Токму со цел да се добие една генерална слика за влијанието на религијата во македонското општество, Институтот за Политички истражувања од Скопје (ИПИС), заедно со веб-порталот religija.mk и фондацијата Конрад Аденауер (КАС), во 2016 година го започнаа проектот „Република Северна Македонија како мултиконфесионално општество.“ Проектот вклучува истражувања и анализи (кои се базирани на резултатите од тие истражувања) на повеќе општествени процеси во кои се испитува степенот на влијанието на религијата и религиозните убедувања. Основната идеја која стои зад овој проект е преку анализа на јавните перцепции и ставови кон религијата, како и нивната улога во македонското мулти-конфесионално општество, да се иницира јавна дебата и да се подигне јавната свест кон овие прашања, што би довело и до идни промени и унапредување на односите во оваа сфера, а со тоа и во самото општество.

# Методологија на истражувањето

При спроведување на истражувањето е користена квантитативна истражувачка методологија на собирање на податоци, (преку телефонска анкета), која овозможува веродостојно и прецизно скенирање на ставовите на генералната популација. ИПИС има детален преглед на македонските телекомуникациски мрежи и нивната дата база, што овозможува целосна територијална покриеност на националните анкети. За спроведување на анкетите се користи CATI методот и *dual frame sampling model* (фиксни и мобилни линии). За време на интервјуата, а со цел да се постигнат високи нивоа на доверба, се користи моделот на случаен избор и анонимност во анкетирањето, кое му е посочено посебно на секој испитаник. За испитанците чиј мајчин јазик не е македонскиот се ангажираат анкетари кои ги говорат јазиците на другите заедници, со цел да се избегне можна јазична бариера во комуникацијата.

Со цел да се задржат високо поставените методолошки стандарди, креиран е репрезентативен примерок за истражувањата на национално ниво, редовно тестиран и обновуван. Во овој примерок се запазени сите релевантни социо-демографски карактеристики на населението во земјата. Националните анкети се спроведуваат со стратификуфан примерок (во две етапи со случаен избор на испитаникот). Со оглед на спецификите на истражувањето, примерокот е стратификуван согласно регионите и населените места. Големината на примерокот се избира согласно потребите на истражувањето, а во овој случај беа вклучени 1125 испитаници со задржување на генералниот сооднос во поглед на базичните демографски карактеристики како пол,возраст, професија и образование. Стратификцијата е соодветна со најновите податоци од државниот завод за статистика. Просечната респонзивност во анкетите зависи од самата тема на истражувањеo и се движи од 30-60%, а за ова истражување беше 43% од добиените соговорници. Маргиналната грешка е помеѓу +/-3.2% со 95% интервал на веродостојност.

# Анализа

Истражувањето насловено „**Верските заедници и ковид кризата** – *односот на религијата кон ковид пандемијата*" е спроведено кон крајот на Ноември 2021. Истражувањето е направено помеѓу полнолетни испитаници на национално ниво. Ова истражување имаше за цел да ја детектира перцепцијата помеѓу верниците за нивните погледи во односот на верските заедници кон пандемијата на ковид 19 и претставува дополнување на истражувањето кое беше спроведено на слична тема на почетокот на пандемијата на ковид 19 во Април 2020 година.

Во воведниот дел имаше неколку стандардни прашања кои се однесуваат на општиот однос на граѓаните за религијата и религиозните учења. За таа цел беа поставени прашања во контекст на самата перцепција за религиозност. Овие прашања беа вклучени и во повеќето претходни истражувања спроведени во изминатите неколку години.

Стандардното воведно прашање беше ***На која религија и припаѓате***, при што 72% се изјасниле како православни и 24% муслимани, додека припадници на други религии или атеисти биле околу 3% од испитаниците. Сепак, како што беше напоменато и во претходните слични истражувања, секогаш мора да се земе во предвид разликата помеѓу припадност и практикување на религија, каде првото е повеќе перцепирано како традиција и наследство, додека второто е личен избор на луѓето кои самостојно одлучуваат дали религијата ќе ја практикуваат или не. Токму затоа, како и претходно, второто прашање од анкетата беше ***Дали за себе може да кажете дека сте религиозен/на***. На ова прашање високи 56% кажале дека се религиозни и дополнителни 35% изјавиле дека се донекаде религиозни. Како малку или воопшто нерелигиозни се определиле 7% од испитаниците. И кај православните и кај муслиманите овој процент е 4%.

Следното прашање од анкетата е компатибилно со прашањето кое се поставува во истражувањата на Евробарометар, односно ***Дали верувате дека 1. Бог постои како што е напишано светите книги, 2. Бог не постои, но постои некоја виша сила или Не постои ни Бог ни виша сила,*** 72% се определиле за првата опција, 17% за втората и само 3% за третата опција, односно дека нема ниту Бог, ниту некоја виша сила. Кај православните христијани процентите се 69, кои веруваат во Бог потоа 23 во виша сила и 1% кои не веруваат во ништо, додека кај муслиманите 89% изјавиле дека веруваат во Бог, 2% во виша сила и 1% се определиле за третата опција. Овие резултати ги потврдуваат одговорите на претходното прашање и соодветствуваат со резултатите од претходните истражувања.

На прашањето ***дали сте прележале Ковид,*** високи 35% од испитаниците одговориле потврдно и дополнителни 9% одговориле дека не знаат. Ова е релативно повисок процент од официјалните бројки според кои отприлика 13% од возрасната популација ја имаат прележано болеста. *Повисокиот процент на граѓани кои изјавиле или дека прележале ковид или дека не се сигурни се должи на неколку фактори од кои би издвоиле три. Првиот е дека дел од заразените не успеале воопшто да се тестираат и затоа не се во официјалната статистика, вториот дека дел од граѓаните не биле сигурни дека имаат ковид и не се тестирале, се тестирале со брзи тестови или пак не сакале воопшто да се тестираат, додека третата причина е што во државата има помалку население од официјалните податоци на заводот за статистика.* Со оглед на

високиот број граѓани кои прележале ковид, а кое се потврди и во резултатите од претходното прашање, на прашањето ***дали верувате дека постои Ковид,*** високи 83% од испитаниците одговориле потврдно, а додека само 5% сметаат дека Ковид не постои. *Ова е висок процент на граѓани кои веруваат дека постои вирусот на ковид, особено што на почетокот на пандемијата имаше релативно влијателно мнение кај дел од јавноста дека ковид воопшто не постои.*

На прашањето ***дали сте вакцинирани*** високи 59% од испитаниците одговориле потврдно. Процентот на вакцинирани кај православните е 68%, додека кај муслиманите истиот е релативно понизок, односно изнесува 36%. Од одговорите на претходното прашање може да се заклучи дека *со оглед што околу 60% од испитаниците (популација над 18 години) изјавиле дека се вакцинирани, овој процент не соодветствува, односно е повисок од официјалниот податок кој се движи околу 50%. Оваа разлика се должи пред се на два фактори, првиот слично како и во однос на претходното прашање е дека популацијата над 18 години во државата е помала од официјалните податоци, додека вториот е што дел од населението се вакцинираше во соседните држави и сеуште не е влезено во официјалната статистика.* **На следното прашање одговори даваа само околу 40% од испитаниците кои изјавиле дека не се вакцинирани.** Прашањето гласеше ***која е причината што не сте вакцинирани.*** На испитаниците им беа понудени повеќе можни одговори, а нивните ставови беа следни. 18% од оние кои не се вакцинирале *не веруваат во вакцина,* потоа 20% не се вакцинирале *поради здравствени причини*, 17% поради *тоа што прележале* Ковид, 10% *немаат доверба во здравствениот систем,* 9% сметаат дека *вакцините се штетни и опасни* и 14% навеле некоја друга причина.

Во следните неколку прашања се направи обид да се детектира поврзаноста или влијанието на верските заедници и вакцинацијата. Првото прашање беше ***дали некој од вашата верска заедница имал влијание врз вашата одлука дали да се вакцинирате или не*** На ова прашање 12% од испитаниците одговориле потврдно, а 75% изјавиле дека никој од верската заедница немал влијание врз нивната одлука. Во однос на припадниците на различни религии, овој процент кај православните е 7% додека кај муслиманите е повисок и изнесува 26%. На прашањето ***дали ви е важно мислењето на вашата верска заедница за да одлучите дали да се вакцинирате*** околу 13% од православните верници одговориле потврдно, додека кај муслиманите процентот е многу повисок и изнесува 55%. Процентот од вкупниот број на испитаници е 23%. На прашањето ***дали доколку локалниот свештеник одлучи да се вакцинира тоа би имало влијание и врз вашата одлука*** околу 14% од испитаниците изјавиле *да.* Повторно кај православните христијани овој процент е мал и изнесува околу 6%, додека кај муслиманите е многу повисок, односно 37% од верниците со исламска вероисповест изјавиле дека вакцинацијата на локалниот свештеник ќе влијае или влијаело и на нивната одлука да се вакцинираат. Од одговорите на претходните три пршања може да се заклучи дека *односот на верските заедници кон процесот на вакцинација има влијание кај дел од верниците околу нивниот однос кон вакцините, како и кон одлуката дали да се вакцинираат или не. Ова е особено значајно за муслиманските верници, со оглед дека кај нив влијанието на верската заедница за процесот на вакцинацијата е многу поизразено. Со оглед дека кај вакцинираните процентот на муслимани е понизок отколку кај православните, очигледно е дека исламската верска заедница може да има пресудна улога во популаризација на процесот на вакцинација кај муслиманите.*

Со оглед на одредени тези кои се пласираа во јавноста околу влијанието на религиозните начела и процесот на вакцинација, испитаниците беа прашани ***дали сметате дека антиваксерите се религиозни.*** На ова прашање само 29% од испитаниците одговориле потврдно, додека 20% сметаат дека антиваксерите не се верници, а останатите 51% не знаеле. Иако одговорите на ова прашање не даваат

дефинитивен заклучок околу степенот на влијание, односно поврзаноста на антиваксерството со религиозноста кај одреден дел од популацијата, *сепак може да се истакне дека со овие резултати очигледно се побиваат одредени претпоставките дека доминантна перцепција на граѓаните е дека најголем дел од антиваксерите не се вакцинираат поради религиозни причини.*

Во анкетата од минатата година поврзана со влијанието на корона вирусот и религијата, околу триесетина проценти од испитаниците одговориле дека посетиле верски објект од почетокот на пандемијата со коронавирус (анкетата беше спроведена 2-3 месеци по почетокот на пандемијата). Во ова истражување, граѓаните беа прашани ***дали пандемијата со коронавирус влијаеше во ограничување на посетите на верски објекти.*** На ова прашање, 27% (29% православни и 23% кај муслимани) одговориле *многу* и дополнителни 35% дека пандемијата *донекаде* влијаела во ограничување на посетите на верски објекти. За 15% пандемијата имала *мало* влијание и само 9% (8% православни и 12% муслимани) одговориле дека пандемијата немала *никакво* влијание во однос на нивната вообичаена динамика на посетување на верски објект. Со оглед на одговорите на ова прашање, очекувани беа и резултатите на следното прашање, ***дали се плашевте дека ако одите во верски објект за време на празник каде има поголема масовност, може да се заразите со корона вирусот.*** На ова прашање, високи 60% (57% во претходната анкета) од испитаниците одговориле потврдно, додека 21% (исто како во претходната анкета) сметаат дека не постои поголем ризик од зараза. Кај православните верници 69% одговориле дека постои поголема веројатност од зараза, додека кај муслиманите овој процент е доста понизок и изнесува 37%. На прашањето ***дали носите маска при посета на верски објект*** исто така високи 79% одговориле потврдно, додека само 8% изјавиле дека не носат маска при посета на верскиот објект. Повторно, кај православните верници процентот на оние кои носат маска е повисок и изнесува 88%, додека кај муслиманите е понизок и изнесува околу 60%. Од одговорите на претходните три прашања се добива впечаток дека *поголемиот дел од верниците сериозно ги сфатиле ризиците од можноста за пренесување на корона вирусот и ги имаат ограничено посетите на верски објекти, избегнуваат периоди кога може да се создадат поголеми турканици и кога ги посетуваат внимаваат на протоколите за заштита.*

Следниот дел од анкетата се однесуваше на перцепцијата за односот на верските заедници кон пандемијата со коронавирус. Во овој сегмент од анкетата имаше повеќе прашања поврзани со верските заедници и пандемијата, вклучително за нивниот однос кон ковид, но и очекувањата на граѓаните околу нивниот досегашен, како и потребата од дополнителен ангажман околу состојбата со корона вирусот во следниот период.

Во првото прашање од овој сегмент на истражувањето, испитаниците беа прашани ***дали верските заедници сериозно ја сфатија опасноста од корона вирусот на почетокот на пандемијата.*** На ова прашање релативно високи 54% одговориле потврдно (26% со *да* и дополнителни 28% со *донекаде да*) додека 30% сметаат дека верските заедници на почетокот не ја сфатиле потенцијалната опасност од заразата (17% *донекаде не* и 13% одговориле со *не).* На следното прашање кое гласеше, ***дали сега е променет ставот на верските заедници за опасноста од корона вирусот,*** 50% од испитаниците одговориле потврдно, а 23% сметаат дека ставот не е променет. Од оние испитаници кои сметале дека верските заедници не одговориле соодветно на опасноста од вирусот на почетокот на пандемијата, 65% од тие кои сметале *донекаде не* и 55% од оние кои одговориле со *не* на претходното прашање, сега сметаат дека верските заедници го промениле својот став. Може да се заклучи дека *за повеќето испитаници верските заедници ја сфатиле опасноста од корона вирусот уште на почетокот од пандемијата и го промениле својот став во таа насока подоцна.* Овој заклучок се потврдува и во одговорите на следното прашање, ***дали***

***верските заедници соодветно реагираа на предизвиците поврзани со корона вирусот*** каде 57% одговориле потврдно (62% од православните и 44% од муслиманите) , додека 16% се изјасниле негативно по ова прашање.

Одговорите на следните две прашања исто така одат во насока на *поддршка од страна на граѓаните на одредени одлуки на верските заедници поврзани со коронавирусот, пред се во однос на воведување на вонредни мерки во храмовите до завршување на пандемијата, како и на оправданоста од забрана за поголеми собирања во храмовите како превенција од корона вирусот.* Во однос на одговорите, кај првото прашање 74% од граѓаните сметаат дека ***вонредните мерки во храмовите до завршување на кризата со корона вирусот*** се оправдани, а само 9% не го делат ова мислење. За ***забраната за поголеми собири во храмовите*** повторно високи 69% сметаат дека е оправдана, а 13% дека не е, иако постојат одредени разлики помеѓу двете главни деноминации, односно како оправдана, забраната ја оценуваат 76% од православните и околу 49% од муслиманите.

На прашањето ***дали верските заедници треба да бидат поактивно вклучени во справување со пандемијата на корона вирус,*** 54% одговориле потврдно, а 26% сметаат дека верските заедници не треба да се поактивно инволвирани во справување со кризата. На овие 54% кои сметаат дека заедниците треба да се уште поактивни во справување со вирусот им беше поставено дополнително прашање, ***на кој начин*** треба да бидат вклучени и притоа им беа понудени три опции за кои можеа да се изјаснат со *да* и *не.* Во однос на првата понудена опција ***преку хуманитарни акции*** 75% од испитаниците одговориле потврдно, за опцијата ***преку почести јавни настапи со совети*** се определиле 83% и за опцијата ***преку повици за вакцинација 62%.*** Од овие одговори произлегува дека *над половина од испитаниците сметаат дека верските заедници треба уште поактивно да се вклучат во борбата со ковид, а мнозинството од нив ги поддржува сите три понудени опции за тоа како би се вклучиле верските заедници, односно со хуманитарни акции, со јавни настапи и совети, како и со повици да се вакцинира населението.*

Последните три прашања од анкетата ја обработуваа перцепцијата на граѓаните за конкретниот однос на верските заедници во однос на пандемијата. Првото прашање беше ***дали верските заедници се однесуваат одговорно во оваа пандемија.*** Околу 77% од испитаниците одговориле афирмативно (36% со *да* и 41% со *донекаде да*) додека само 13% сметаат дека верските заедници не се однесуваат одговорно во поглед на ковид заразата. (9% *донекаде не* и 4% *не*). На прашањето ***дали верските заедници ги почитуваат мерките и препораките на здравствените власти за заштита од вирусот,*** 76% одговориле потврдно (44% со *да* и 32% со *донекаде да*) и само 14% со не (7% *донекаде не* и 7% *не*). На финалното прашање од анкетата, ***дали верските заедници со своите постапки придонесоа кон намалување или зголемување на заразата,*** 26% одговориле *кон намалување,* 17% *кон зголемување* и 34% сметаат дека *немале влијание.* Кај ова прашање постојат одредени дискрепанци помеѓу припадниците на двете главни конфесии, односно 31% од православните сметаат дека верските заедници придонеле кон намалување на заразата, додека ова мислење го делат само 13% од муслиманските верници, додека за спротивниот одговор, односно дека заедниците придонеле кон зголемување на заразувањето, се изјасниле 12% од православните и повисоки 26% од припадниците на исламската религија.

Од одговорите на последните три прашања може да се заклучи дека *повеќето граѓани сметаат дека верските заедници се однесуваат одговорно во однос на пандемијата, дека ги почитуваат мерките и препораките на здравствените власти за заштита од вирусот, како и дека немале влијание или придонеле кон намалување на заразата.*

# Заклучок

- **Повисокиот процент на граѓани кои изјавиле или дека прележале ковид или дека не се сигурни се должи на неколку фактори од кои би издвоиле три:**
  - **првиот е дека дел од заразените не успеале воопшто да се тестираат и затоа не се во официјалната статистика,**
  - **вториот дека дел од граѓаните не биле сигурни дека имаат ковид и не се тестирале, се тестирале со брзи тестови или пак не сакале воопшто да се тестираат,**
  - **додека третата причина е што во државата има помалку население од официјалните податоци на заводот за статистика.**
- **Висок е процентот на граѓани кои веруваат дека постои ковид вирусот, особено што на почетокот на пандемијата имаше релативно влијателно мнение кај дел од јавноста дека ковид воопшто не постои.**
- **Со оглед што околу 60% од испитаниците (популација над 18 години) изјавиле дека се вакцинирани, овој процент не соодветствува, односно е повисок од официјалниот податок кој се движи околу 50%. Оваа разлика се должи пред се на два фактори:**
  - **првиот фактор, слично како и во однос на претходното прашање е дека популацијата над 18 години во државата е помала од официјалните податоци,**
  - **вториот фактор е што дел од населението се вакцинираше во соседните држави и сеуште не е влезено во официјалната статистика.**
- **Односот на верските заедници кон процесот на вакцинација има влијание кај дел од верниците околу нивниот однос кон вакцините, како и кон одлуката дали да се вакцинираат или не. Ова е особено значајно за муслиманските верници, со оглед дека кај нив влијанието на верската заедница за процесот на вакцинацијата е многу поизразено.**
- **Со оглед дека кај вакцинираните процентот на муслимани е понизок отколку кај православните, очигледно е дека исламската верска заедница може да има пресудна улога во популаризација на процесот на вакцинација кај муслиманите.**
- **Се побиваат одредени претпоставките дека доминантна перцепција на граѓаните е дека најголем дел од антиваксерите не се вакцинираат поради религиозни причини.**
- **Поголемиот дел од верниците сериозно ги сфатиле ризиците од можноста за пренесување на корона вирусот и ги имаат ограничено посетите на верски објекти, избегнуваат периоди кога може да се создадат поголеми собири и кога ги посетуваат внимаваат на протоколите за заштита.**
- **За повеќето испитаници верските заедници ја сфатиле опасноста од**

**коронавирусот уште на почетокот од пандемијата и го промениле својот став во таа насока подоцна.**

- **Поддршка од страна на граѓаните на одредени одлуки на верските заедници поврзани со корона вирусот, пред се во однос на воведување на вонредни мерки во храмовите до завршување на пандемијата, како и на оправданоста од забрана за поголеми собирања во храмовите како превенција од корона вирусот.**

- **Над половина од испитаниците сметаат дека верските заедници треба уште поактивно да се вклучат во борбата со ковид, а мнозинството од нив ги поддржува сите три понудени опции за тоа како би се вклучиле верските заедници, односно со хуманитарни акции, со јавни настапи и совети, како и со повици да се вакцинира населението.**

- **Повеќето граѓани сметаат дека верските заедници се однесуваат одговорно во однос на пандемијата, дека ги почитуваат мерките и препораките на здравствените власти за заштита од вирусот, како и дека немале влијание кон зголемување или намалување на заразата.**

# Демографски карактеристики

1.1 Табела

| Пол | | | |
|---|---|---|---|
| | | Испитаници | Процент |
| | Машки | 554 | 49.2 |
| | Женски | 571 | 50.8 |
| | Вкупно | 1125 | 100.0 |

1.1 Графикон



1.2 Табела

| Возраст | | | |
|---|---|---|---|
| | | Испитаници | Процент |
| | до 29 години | 200 | 17.8 |
| | од 30 до 39 години | 216 | 19.2 |
| | од 40 до 49 години | 224 | 19.9 |
| | од 50 до 59 години | 241 | 21.4 |
| | над 60 години | 244 | 21.7 |
| | Вкупно | 1125 | 100.0 |

1.2 Графикон



1.3 Табела

| Образование | | | |
|---|---|---|---|
| | | Испитаници | Процент |
| | до основно | 72 | 6.4 |
| | основно | 95 | 8.4 |
| | средно | 748 | 66.5 |
| | вишо и високо | 210 | 18.7 |
| | Вкупно | 1125 | 100.0 |

1.3 Графикон



1.4 Табела

| Професија | | | |
|---|---|---|---|
| | | Испитаници | Процент |
| | Студент | 49 | 4.4 |
| | Вработен во приватен сектор | 488 | 43.4 |
| | Вработен државен сектор | 168 | 14.9 |
| | Самовработен или сопственик на приватен бизнис | 19 | 1.7 |
| | Земјоделец | 9 | .8 |
| | Пензионер | 242 | 21.5 |
| | Невработен | 142 | 12.6 |
| | Друго | 8 | .7 |
| | Вкупно | 1125 | 100.0 |

1.4 Графикон



1.5 Табела

| Етникум | | | |
|---|---|---|---|
| | | Испитаници | Процент |
| | Македонец | 834 | 74.1 |
| | Албанец | 254 | 22.6 |
| | Друго | 37 | 3.3 |
| | Вкупно | 1125 | 100.0 |

1.5 Графикон



1.6 Табела

| Место | | | |
|---|---|---|---|
| | | Испитаници | Процент |
| | Село | 280 | 24.9 |
| | Помал град | 230 | 20.4 |
| | Поголем град | 356 | 31.6 |
| | Скопје | 259 | 23.0 |
| | Вкупно | 1125 | 100.0 |

1.6 Графикон



1.7 Табела

| Регион | | | |
|---|---|---|---|
| | | Испитаници | Процент |
| | Вардарски регион | 80 | 7.1 |
| | Источен регион | 110 | 9.8 |
| | Југозападен регион | 110 | 9.8 |
| | Југоисточен регион | 100 | 8.9 |
| | Пелагониски регион | 140 | 12.4 |
| | Полошки регион | 176 | 15.6 |
| | Североисточен регион | 80 | 7.1 |
| | Скопски регион | 329 | 29.2 |
| | Вкупно | 1125 | 100.0 |

1.7 Графикон



# Табеларен приказ на резултатите :

П.1 На која религија и припаѓате?




| | | Дек. 2019 | Апр. 2020 | Март 2021 | **Ное. 2021** |
|---|---|---|---|---|---|
| На која религија и припаѓате? | Православна | 73.5% | 70.7% | 72.3% | **72.4%** |
| | Исламска | 24.6% | 25.6% | 25.0% | **24.4%** |
| | Друго | .1% | 1.1% | .2% | **.0%** |
| | Атеист | 1.5% | 2.6% | 1.4% | **2.9%** |
| | Не знам / Нема одговор | .3% | .1% | 1.2% | **.3%** |

| | | **ВКУПНО** | | **Пол** | | **Возраст** | | | | | **Образование** | | | | **Професија** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Машки | Женски | до 29 години | 30 - 39 | 40 - 49 | 50 - 59 | над 60 години | до основно | основно | средно | вишо и високо | Студент | Приватен сектор | Јавен сектор | Самовработен/ сопственик на приватен | Земјоделец | Пензионер | Невработен | Друго |
| **Број на испитаници** | | **1125** | **100%** | **554** | **571** | **200** | **216** | **224** | **241** | **244** | **72** | **95** | **748** | **210** | **49** | **488** | **168** | **19** | **9** | **242** | **142** | **8** |
| На која религија и припаѓате? | Православна | **815** | **72.4%** | 71.1% | 73.7% | 65.0% | 63.4% | 71.4% | 76.3% | 83.6% | 55.6% | 54.7% | 73.8% | 81.4% | 75.5% | 69.3% | 80.4% | 52.6% | 33.3% | 83.1% | 63.4% | 12.5% |
| | Исламска | **274** | **24.4%** | 25.6% | 23.1% | 32.0% | 31.5% | 25.9% | 20.3% | 14.3% | 44.4% | 44.2% | 22.6% | 14.8% | 16.3% | 27.5% | 17.9% | 42.1% | 66.7% | 14.5% | 32.4% | 87.5% |
| | Атеист | **33** | **2.9%** | 3.2% | 2.6% | 3.0% | 5.1% | 2.7% | 2.9% | 1.2% | | 1.1% | 3.2% | 3.8% | 8.2% | 3.3% | 1.8% | 5.3% | | 1.7% | 3.5% | |
| | НЗ/НО | **3** | **.3%** | | .5% | | | | .4% | .8% | | | .4% | | | | | | | .8% | .7% | |

| | | **Етникум** | | | **Место** | | | | **Регион** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонец | Албанец | Друго | Село | Помал град | Поголем град | Скопје | Вардарски | Источен | Југозападен | Југоисточен | Пелагониски | Полошки | Североисточен | Скопски |
| **Број на испитаници** | | **834** | **254** | **37** | **280** | **230** | **356** | **259** | **80** | **110** | **110** | **100** | **140** | **176** | **80** | **329** |
| На која религија и припаѓате? | Православна | 95.4% | | 51.4% | 45.7% | 87.8% | 75.8% | 83.0% | 97.5% | 96.4% | 49.1% | 96.0% | 94.3% | 27.3% | 72.5% | 73.9% |
| | Исламска | .4% | 100.0% | 45.9% | 52.1% | 9.6% | 20.8% | 12.4% | | | 47.3% | | 1.4% | 71.6% | 25.0% | 22.5% |
| | Атеист | 3.8% | | 2.7% | 2.1% | 2.6% | 2.5% | 4.6% | 2.5% | 3.6% | 3.6% | 3.0% | 2.9% | 1.1% | 2.5% | 3.6% |
| | НЗ/НО | .4% | | | | | .8% | | | | | 1.0% | 1.4% | | | |

## П.2 Дали за себе може да кажете дека сте религиозен/на?

| | | Дек. 2019 | Апр. 2020 | Март 2021 | **Ное. 2021** |
|---|---|---|---|---|---|
| Дали за себе може да кажете дека сте религиозен/на? | Да | 50.9% | 51.1% | 52.8% | **56.1%** |
| | Донекаде да | 33.4% | 32.7% | 33.7% | **34.7%** |
| | Донекаде не | 6.0% | 7.3% | 7.7% | **3.2%** |
| | Не | 5.3% | 6.1% | 5.1% | **3.7%** |
| | НЗ/НО | 4.5% | 2.8% | .6% | **2.3%** |




| | | **ВКУПНО** | | **Пол** | | **Возраст** | | | | | **Образование** | | | | **Професија** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Машки | Женски | до 29 години | 30 - 39 | 40 - 49 | 50 - 59 | над 60 години | до основно | основно | средно | вишо и високо | Студент | Приватен сектор | Јавен сектор | Самовработен/ сопственик | Земјоделец | Пензионер | Невработен | Друго |
| **Број на испитаници** | | **1125** | **100%** | **554** | **571** | **200** | **216** | **224** | **241** | **244** | **72** | **95** | **748** | **210** | **49** | **488** | **168** | **19** | **9** | **242** | **142** | **8** |
| Дали за себе може да кажете дека сте религиозен/на? | Да | **631** | **56.1%** | 49.6% | 62.3% | 59.5% | 52.3% | 54.9% | 54.4% | 59.4% | 59.7% | 58.9% | 56.8% | 51.0% | 55.1% | 55.5% | 56.0% | 47.4% | 33.3% | 58.7% | 54.9% | 87.5% |
| | Донекаде да | **390** | **34.7%** | 39.5% | 29.9% | 32.0% | 35.2% | 37.9% | 34.9% | 33.2% | 33.3% | 33.7% | 34.4% | 36.7% | 32.7% | 34.6% | 35.1% | 42.1% | 66.7% | 33.5% | 35.2% | 12.5% |
| | Донекаде не | **36** | **3.2%** | 4.0% | 2.5% | 3.0% | 5.1% | 2.2% | 3.7% | 2.0% | 1.4% | 2.1% | 2.9% | 5.2% | 4.1% | 3.7% | 3.6% | 5.3% | | 2.1% | 2.8% | |
| | Не | **42** | **3.7%** | 4.7% | 2.8% | 3.0% | 5.6% | 3.1% | 4.6% | 2.5% | 1.4% | 2.1% | 3.5% | 6.2% | 4.1% | 4.3% | 4.2% | | | 2.9% | 3.5% | |
| | НЗ/НО | **26** | **2.3%** | 2.2% | 2.5% | 2.5% | 1.9% | 1.8% | 2.5% | 2.9% | 4.2% | 3.2% | 2.4% | 1.0% | 4.1% | 1.8% | 1.2% | 5.3% | | 2.9% | 3.5% | |

| | | **Етникум** | | | **Место** | | | | **Регион** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонец | Албанец | Друго | Село | Помал град | Поголем град | Скопје | Вардарски | Источен | Југозападен | Југоисточен | Пелагониски | Полошки | Североисточен | Скопски |
| **Број на испитаници** | | **834** | **254** | **37** | **280** | **230** | **356** | **259** | **80** | **110** | **110** | **100** | **140** | **176** | **80** | **329** |
| Дали за себе може да кажете дека сте религиозен/на? | Да | 58.8% | 48.0% | 51.4% | 53.2% | 54.8% | 58.4% | 57.1% | 42.5% | 65.5% | 43.6% | 49.0% | 62.9% | 59.7% | 67.5% | 55.0% |
| | Донекаде да | 32.1% | 42.9% | 35.1% | 38.9% | 31.3% | 33.7% | 34.4% | 40.0% | 23.6% | 43.6% | 41.0% | 28.6% | 34.7% | 30.0% | 35.9% |
| | Донекаде не | 3.7% | 2.0% | | 2.1% | 5.7% | 2.2% | 3.5% | 7.5% | 5.5% | 4.5% | 3.0% | 1.4% | 1.1% | 1.3% | 3.3% |
| | Не | 4.2% | 2.4% | 2.7% | 2.9% | 5.7% | 2.8% | 4.2% | 7.5% | 5.5% | 4.5% | 5.0% | 2.9% | 1.1% | 1.3% | 4.0% |
| | НЗ/НО | 1.2% | 4.7% | 10.8% | 2.9% | 2.6% | 2.8% | .8% | 2.5% | | 3.6% | 2.0% | 4.3% | 3.4% | | 1.8% |

## П.3 Дали верувате дека:

| | | Јули 2019 | Апр. 2020 | **Ное. 2021** |
|---|---|---|---|---|
| Дали верувате дека: | Бог постои како што е напишано во све | 67.9% | 69.9% | **71.9%** |
| | Бог не постои како што е напишано во светите книги, но постои некоја виша сила | 21.2% | 17.4% | **17.2%** |
| | Не постои ниту Бог ниту виша сила | 4.9% | 6.1% | **3.3%** |
| | НЗ/НО | 5.9% | 6.6% | **7.6%** |




| | | **ВКУПНО** | | **Пол** | | **Возраст** | | | | | **Образование** | | | | **Професија** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Машки | Женски | до 29 години | 30 - 39 | 40 - 49 | 50 - 59 | над 60 години | до основно | основно | средно | вишо и високо | Студент | Приватен сектор | Јавен сектор | Самовработен/ сопственик | Земјоделец | Пензионер | Невработен | Друго |
| **Број на испитаници** | | **1125** | **100%** | **554** | **571** | **200** | **216** | **224** | **241** | **244** | **72** | **95** | **748** | **210** | **49** | **488** | **168** | **19** | **9** | **242** | **142** | **8** |
| Дали верувате дека: | Бог постои како што е напишано во светите книги (библија, куран, тора) | **809** | **71.9%** | 70.4% | 73.4% | 72.0% | 68.5% | 74.6% | 72.6% | 71.7% | 79.2% | 85.3% | 69.9% | 70.5% | 65.3% | 69.9% | 79.2% | 68.4% | 100.0% | 70.7% | 71.8% | 100.0% |
| | Бог не постои како што е напишано во светите книги, но постои некоја виша сила | **194** | **17.2%** | 19.1% | 15.4% | 15.0% | 17.1% | 18.3% | 17.0% | 18.4% | 8.3% | 7.4% | 18.6% | 20.0% | 14.3% | 19.3% | 11.9% | 26.3% | | 18.6% | 16.2% | |
| | Не постои ниту Бог ниту виша сила | **37** | **3.3%** | 3.6% | 3.0% | 2.5% | 6.5% | 3.1% | 2.9% | 1.6% | 1.4% | 1.1% | 2.9% | 6.2% | 4.1% | 4.1% | 3.6% | 5.3% | | 2.1% | 2.1% | |
| | НЗ/НО | **85** | **7.6%** | 6.9% | 8.2% | 10.5% | 7.9% | 4.0% | 7.5% | 8.2% | 11.1% | 6.3% | 8.6% | 3.3% | 16.3% | 6.8% | 5.4% | | | 8.7% | 9.9% | |

| | | **Етникум** | | | **Место** | | | | **Регион** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонец | Албанец | Друго | Село | Помал град | Поголем град | Скопје | Вардарски | Источен | Југозападен | Југоисточен | Пелагониски | Полошки | Североисточен | Скопски |
| **Број на испитаници** | | **834** | **254** | **37** | **280** | **230** | **356** | **259** | **80** | **110** | **110** | **100** | **140** | **176** | **80** | **329** |
| Дали верувате дека: | Бог постои како што е напишано во светите книги (библија, куран, тора) | 66.4% | 90.9% | 64.9% | 80.0% | 59.6% | 72.5% | 73.4% | 68.8% | 50.9% | 70.9% | 70.0% | 69.3% | 85.2% | 66.3% | 76.0% |
| | Бог не постои како што е напишано во светите книги, но постои некоја виша сила | 22.2% | 2.0% | 10.8% | 8.6% | 28.3% | 15.2% | 19.7% | 18.8% | 40.0% | 18.2% | 10.0% | 14.3% | 8.0% | 22.5% | 16.1% |
| | Не постои ниту Бог ниту виша сила | 4.3% | .4% | | 1.4% | 5.7% | 2.5% | 4.2% | 7.5% | 5.5% | 1.8% | 4.0% | 2.9% | 1.1% | 2.5% | 3.3% |
| | НЗ/НО | 7.1% | 6.7% | 24.3% | 10.0% | 6.5% | 9.8% | 2.7% | 5.0% | 3.6% | 9.1% | 16.0% | 13.6% | 5.7% | 8.8% | 4.6% |

П.4 Дали сте прележале Ковид 19?




| | | ВКУПНО | | Пол | | Возраст | | | | | Образование | | | | Професија | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Машки | Женски | до 29 години | 30 - 39 | 40 - 49 | 50 - 59 | над 60 години | до основно | основно | средно | вишо и високо | Студент | Приватен сектор | Јавен сектор | Самовработен/ сопственик | Земјоделец | Пензионер | Невработен | Друго |
| **Број на испитаници** | | **1125** | **100%** | **554** | **571** | **200** | **216** | **224** | **241** | **244** | **72** | **95** | **748** | **210** | **49** | **488** | **168** | **19** | **9** | **242** | **142** | **8** |
| Дали сте прележале Ковид 19? | Да | **388** | **34.5%** | 36.6% | 32.4% | 32.0% | 34.3% | 31.3% | 45.2% | 29.1% | 29.2% | 27.4% | 36.1% | 33.8% | 36.7% | 31.8% | 39.3% | 31.6% | 44.4% | 28.9% | 47.2% | 25.0% |
| | Не | **637** | **56.6%** | 52.7% | 60.4% | 52.5% | 56.5% | 58.0% | 51.5% | 63.9% | 56.9% | 57.9% | 55.9% | 58.6% | 55.1% | 58.0% | 57.1% | 63.2% | 44.4% | 63.6% | 39.4% | 62.5% |
| | Нема одговор | **100** | **8.9%** | 10.6% | 7.2% | 15.5% | 9.3% | 10.7% | 3.3% | 7.0% | 13.9% | 14.7% | 8.0% | 7.6% | 8.2% | 10.2% | 3.6% | 5.3% | 11.1% | 7.4% | 13.4% | 12.5% |

| | | Етникум | | | Место | | | | Регион | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонец | Албанец | Друго | Село | Помал град | Поголем град | Скопје | Вардарски | Источен | Југозападен | Југоисточен | Пелагониски | Полошки | Североисточен | Скопски |
| **Број на испитаници** | | **834** | **254** | **37** | **280** | **230** | **356** | **259** | **80** | **110** | **110** | **100** | **140** | **176** | **80** | **329** |
| Дали сте прележале Ковид 19? | Да | 37.3% | 26.0% | 29.7% | 27.9% | 37.4% | 29.2% | 46.3% | 27.5% | 40.0% | 32.7% | 44.0% | 24.3% | 21.6% | 40.0% | 41.9% |
| | Не | 61.5% | 40.2% | 59.5% | 53.6% | 55.7% | 64.0% | 50.6% | 72.5% | 54.5% | 54.5% | 56.0% | 72.9% | 53.4% | 52.5% | 50.2% |
| | Нема одговор | 1.2% | 33.9% | 10.8% | 18.6% | 7.0% | 6.7% | 3.1% | | 5.5% | 12.7% | | 2.9% | 25.0% | 7.5% | 7.9% |

## П.5 Дали верувате дека Ковид19 постои или не постои?




| | | ВКУПНО | | Пол | | Возраст | | | | | Образование | | | | Професија | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Машки | Женски | до 29 години | 30 - 39 | 40 - 49 | 50 - 59 | над 60 години | до основно | основно | средно | вишо и високо | Студент | Приватен сектор | Јавен сектор | Самовработен/ сопственик | Земјоделец | Пензионер | Невработен | Друго |
| **Број на испитаници** | | **1125** | **100%** | **554** | **571** | **200** | **216** | **224** | **241** | **244** | **72** | **95** | **748** | **210** | **49** | **488** | **168** | **19** | **9** | **242** | **142** | **8** |
| Дали верувате дека Ковид19 постои или не постои? | Постои | **937** | **83.3%** | 81.0% | 85.5% | 87.5% | 71.8% | 82.1% | 91.3% | 83.2% | 80.6% | 85.3% | 81.7% | 89.0% | 89.8% | 80.9% | 92.9% | 73.7% | 77.8% | 83.1% | 78.9% | 100.0% |
| | Не постои | **54** | **4.8%** | 4.7% | 4.9% | 3.0% | 5.6% | 4.5% | 3.7% | 7.0% | 11.1% | 8.4% | 4.5% | 1.9% | 2.0% | 4.7% | 2.4% | 10.5% | | 7.0% | 4.9% | |
| | НЗ/НО | **134** | **11.9%** | 14.3% | 9.6% | 9.5% | 22.7% | 13.4% | 5.0% | 9.8% | 8.3% | 6.3% | 13.8% | 9.0% | 8.2% | 14.3% | 4.8% | 15.8% | 22.2% | 9.9% | 16.2% | |

| | | Етникум | | | Место | | | | Регион | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонец | Албанец | Друго | Село | Помал град | Поголем град | Скопје | Вардарски | Источен | Југозападен | Југоисточен | Пелагониски | Полошки | Североисточен | Скопски |
| **Број на испитаници** | | **834** | **254** | **37** | **280** | **230** | **356** | **259** | **80** | **110** | **110** | **100** | **140** | **176** | **80** | **329** |
| Дали верувате дека Ковид19 постои или не постои? | Постои | 87.3% | 70.5% | 81.1% | 75.0% | 82.6% | 86.5% | 88.4% | 90.0% | 80.0% | 87.3% | 78.0% | 88.6% | 77.3% | 82.5% | 84.2% |
| | Не постои | 3.8% | 7.9% | 5.4% | 5.0% | 5.2% | 4.5% | 4.6% | 2.5% | 7.3% | 5.5% | 4.0% | 2.9% | 5.7% | 5.0% | 4.9% |
| | НЗ/НО | 8.9% | 21.7% | 13.5% | 20.0% | 12.2% | 9.0% | 6.9% | 7.5% | 12.7% | 7.3% | 18.0% | 8.6% | 17.0% | 12.5% | 10.9% |

## П.6 Дали сте Вакцинирани?




| | | | | Пол | | Возраст | | | | | Образование | | | | Професија | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ВКУПНО | | Машки | Женски | до 29 години | 30 - 39 | 40 - 49 | 50 - 59 | над 60 години | до основно | основно | средно | вишо и високо | Студент | Приватен сектор | Јавен сектор | Самовработен/ сопственик | Земјоделец | Пензионер | Невработен | Друго |
| **Број на испитаници** | | **1125** | **100%** | **554** | **571** | **200** | **216** | **224** | **241** | **244** | **72** | **95** | **748** | **210** | **49** | **488** | **168** | **19** | **9** | **242** | **142** | **8** |
| Дали сте Вакцинирани? | Да | **667** | **59.3%** | 57.6% | 60.9% | 50.5% | 53.2% | 50.0% | 73.4% | 66.4% | 58.3% | 62.1% | 57.8% | 63.8% | 67.3% | 53.5% | 66.7% | 42.1% | 33.3% | 65.3% | 60.6% | 75.0% |
| | Не | **444** | **39.5%** | 40.6% | 38.4% | 46.5% | 44.0% | 49.1% | 26.6% | 33.6% | 41.7% | 37.9% | 40.4% | 36.2% | 32.7% | 44.1% | 32.1% | 57.9% | 66.7% | 34.7% | 39.4% | 25.0% |
| | Нема одговор | **14** | **1.2%** | 1.8% | .7% | 3.0% | 2.8% | .9% | | | | | 1.9% | | | 2.5% | 1.2% | | | | | |

| | | Етникум | | | Место | | | | Регион | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонец | Албанец | Друго | Село | Помал град | Поголем град | Скопје | Вардарски | Источен | Југозападен | Југоисточен | Пелагониски | Полошки | Североисточен | Скопски |
| **Број на испитаници** | | **834** | **254** | **37** | **280** | **230** | **356** | **259** | **80** | **110** | **110** | **100** | **140** | **176** | **80** | **329** |
| Дали сте Вакцинирани? | Да | 66.5% | 34.6% | 64.9% | 47.5% | 61.7% | 63.8% | 63.7% | 65.0% | 61.8% | 56.4% | 60.0% | 70.0% | 46.6% | 62.5% | 59.3% |
| | Не | 33.5% | 60.2% | 32.4% | 48.2% | 38.3% | 35.7% | 36.3% | 35.0% | 38.2% | 38.2% | 40.0% | 30.0% | 51.1% | 32.5% | 40.7% |
| | Нема одговор | | 5.1% | 2.7% | 4.3% | | .6% | | | | 5.5% | | | 2.3% | 5.0% | |

## П.7 Која е причината што не сте вакцинирани?*




* Испитаници што одговориле „НЕ“ на претходното прашање

| | | ВКУПНО | | Пол | | Возраст | | | | | Образование | | | | Професија | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Машки | Женски | до 29 години | 30 - 39 | 40 - 49 | 50 - 59 | над 60 години | до основно | основно | средно | вишо и високо | Студент | Приватен сектор | Јавен сектор | Самовработен/ сопственик | Земјоделец | Пензионер | Невработен | Друго |
| **Број на испитаници** | | **444*** | **100%** | **225** | **219** | **93** | **95** | **110** | **64** | **82** | **30** | **36** | **302** | **76** | **16** | **215** | **54** | **11** | **6** | **84** | **56** | **2** |
| Која е причината што не сте вакцинирани? | Не верувам во вакцина | **79** | **17.8%** | 18.7% | 16.9% | 14.0% | 27.4% | 21.8% | 10.9% | 11.0% | 6.7% | 11.1% | 18.5% | 22.4% | 31.3% | 18.1% | 22.2% | | 16.7% | 10.7% | 23.2% | |
| | Не се вакцинирав поради здравствени причини | **89** | **20.0%** | 16.0% | 24.2% | 20.4% | 11.6% | 14.5% | 23.4% | 34.1% | 26.7% | 33.3% | 18.5% | 17.1% | 25.0% | 15.8% | 20.4% | 9.1% | | 35.7% | 14.3% | 50.0% |
| | Имам прележано Ковид 19 | **75** | **16.9%** | 18.7% | 15.1% | 16.1% | 7.4% | 16.4% | 25.0% | 23.2% | 13.3% | 5.6% | 19.9% | 11.8% | 31.3% | 15.3% | 13.0% | 9.1% | | 22.6% | 17.9% | |
| | Немам доверба во здравствениот систем | **43** | **9.7%** | 8.4% | 11.0% | 3.2% | 15.8% | 14.5% | 3.1% | 8.5% | 10.0% | 8.3% | 11.3% | 3.9% | | 10.2% | 7.4% | 18.2% | | 8.3% | 14.3% | |
| | Вакцините се штетни и опасни | **40** | **9.0%** | 8.4% | 9.6% | 8.6% | 9.5% | 10.9% | 10.9% | 4.9% | 6.7% | 11.1% | 7.9% | 13.2% | 12.5% | 8.4% | 11.1% | 9.1% | 16.7% | 4.8% | 14.3% | |
| | Друго | **60** | **13.5%** | 15.1% | 11.9% | 24.7% | 15.8% | 5.5% | 14.1% | 8.5% | 20.0% | 16.7% | 10.6% | 21.1% | | 14.0% | 22.2% | 45.5% | 50.0% | 8.3% | 3.6% | 50.0% |
| | НЗ/НО | **58** | **13.1%** | 14.7% | 11.4% | 12.9% | 12.6% | 16.4% | 12.5% | 9.8% | 16.7% | 13.9% | 13.2% | 10.5% | | 18.1% | 3.7% | 9.1% | 16.7% | 9.5% | 12.5% | |

| | | Етникум | | | Место | | | | Регион | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонец | Албанец | Друго | Село | Помал град | Поголем град | Скопје | Вардарски | Источен | Југозападен | Југоисточен | Пелагониски | Полошки | Североисточен | Скопски |
| **Број на испитаници** | | **279** | **153** | **12** | **135** | **88** | **127** | **94** | **28** | **42** | **42** | **40** | **42** | **90** | **26** | **134** |
| Која е причината што не сте вакцинирани? | Не верувам во вакцина | 21.9% | 9.2% | 33.3% | 10.4% | 17.0% | 20.5% | 25.5% | 25.0% | 28.6% | 9.5% | 22.5% | 11.9% | 7.8% | 15.4% | 23.1% |
